

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ЕУ ЦЕНТАР

# *ЕУ ВЕСТИ*

***мај 2021 година***
***ЕУЦ-број 62/2021***

## ЕВРОПСКА ЕКОНОМСКА ПРОЛЕТНА ПРОГНОЗА 2021




https://ec.europa.eu

Македонската економија годинава ќе има раст од 3,7%, предвидува Европската комисија во Пролетната економска прогноза објавена на 12 мај годинава. Слична стапка за раст на БДП (3,8%) се предвидува и за наредната 2022 година.

За нашата земја се посочува дека економскиот подем нагло запре во 2020 година, со пандемијата која ги погоди домашната и странската побарувачка.

„Во текот на 2021 и 2022 година се очекува закрепнувањето да ја врати цврстата основа. Растот на реалниот БДП во просек би изнесувал 3,7%".

Во однос на јавните финансии се предвидува подобрување согласно со економското закрепнување и постепеното укинување на фискалната поддршка. Контракцијата на економијата минатата година била помала од предвидената, односно дека падот на БДП од 4,5% е нешто помал отколку проекциите во есента 2020 година.

Според ЕК, тоа се должи делумно на владините мерки за поддршка и монетарното и регулаторно олеснување.

Целосно закрепнување се очекува во 2022 година, економијата ќе закрепнува побавно отколку што се очекуваше претходно. Во таа насока упатуваат повеќе индикатори и индустриското производство.

„Додека закрепнувањето е веројатно дека ќе забрза во текот на 2021 год., водено од домашна побарувачка, производството се очекува да се искачи над нивото пред кризата во текот на 2022 година".

Со натамошното укинување на рестриктривните мерки, трошењето на домаќинствата се предвидува да се зацврсти и да забрза во 2021 и 2022 год., поддржано со понатамошно зголемување на платите, вработеноста и зголемување на дознаките. Инвестициите се очекува да бидат зголемени барем со делумно реализирање на владините амбициозни планови за инвестирање во патната и во железничката инфраструктура и во делот на комуналните услуги.

Инфлацијата се зголеми во втората половина на 2020 година, најмногу поради повисоките цени на храната и горивата, вклучително и повисоките акцизи на нафтените производи и цените на струјата во август.

Во делот за нашата земја се посочува и зголемувањето на јавниот долг, како одговор на финансирањето на кризата. Трансферите и трошоците поврзани со кризата се предвидува постепено да опаѓаат, додека капиталните расходи се очекува да пораснат значајно.

Ризиците се во надолна линија, но фискалните перспективи може да бидат влошени во случај ако се потребни натамошни мерки за поддршка или поради плановите за даночно олеснување.

Брзото спроведување на новиот закон за буџети и неодамнешниот акционен план за управување со јавни инвестиции може да ги подобри изгледите, се наведува во Пролетната прогноза на ЕК, во делот посветен за нашата земја.

https://ec.europa.eu

**Содржина на вести:**


| | |
|---|---|
| Европска економска пролетна прогноза 2021 | 1 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 2-3 |
| Собраниски активности поврзани со европските прашања | 4-5 |
| Седми пакет социјални обрзници | 6 |
| Денот на Европа во знак на иднината | 6 |
| Состанок на Европскиот совет | 7 |
| Инвестиции во стартап компании во Европа | 7 |
| 10 години од Истанбулската конвенција | 8 |
| Глобален самит за здравство | 8 |
| Нова програма ЕРАЗМУС+ 2021-2027 | 9 |
| Ризик од финансиска нестабилност во еврозоната | 9 |
| Инфлацијата во ЕУ на највисоко ниво | 10 |
| Раст на трговијата со електро и хибридни возила | 10 |
| Цената на трудот во Европа | 11 |
| ЕУ календар / јуни 2021 | 11 |

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

www.europarl.europa.eu

***Пленарна сесија 17-20 мај 2021***

На отворањето на мајската пленарна сесија претседателот на Европскиот парламент, Давид Сасоли повика на зачувување на вредностите на ЕУ, заедничка борба против дискриминацијата промовирање на правата на ЛГБТИ лицата.

Европскиот парламент даде согласност за мобилизација на 397,5 милиони евра од Фондот за солидарност на Европската унија (EUSF) за помош на 17 земји-членки и три земји-кандидати за членство, за заштита на јавното здравје во борбата против КОВИД-19. Корисници се: Австрија, Белгија, Хрватска, Чешка, Естонија, Франција, Германија, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Летонија, Литванија, Луксембург, Португалија, Романија, Шпанија и Албанија, Црна Гора и Србија. Дополнителни информации и детален преглед на помошта за секоја земја се достапни во извештајот, усвоен со 675 гласа.

Европратениците усвоија Пакет за проекти вреден 7,5 милијарди евра од Повеќегодишната финансиска рамка 2021-2027 година и дополнителни 10 милијарди евра од Инструментот за наплата на ЕУ. Проектите треба да се фокусираат на економска диверзификација, преобразба или создавање нови работни места и да придонесат за транзиција кон одржлива, климатски неутрална и кружна европска економија.

Европратениците го усвоија новиот ЕРАЗМУС+ (2021-2027) на главната програма на ЕУ за образование, обука, млади и спорт. Програмата ќе има скоро двојно поголем фонд над 28 милијарди евра од различни извори во споредба со претходните седум години (14,7 милијарди евра).

Во усвоениот извештај европратениците наведоа предлози за сузбивање на растечкиот феномен на нелегално емитување на спортски настани во живо. Ја повикаа Комисијата да ја разјасни и подобри тековната рамка на ЕУ за правата на интелектуална сопственост за спортски настани во живо кои во моментов не подлежат на заштита на авторските права.

Европарламентот ја усвои програмата на Европскиот солидарен корпус, поддржувајќи активности за волонтирање за младите во ЕУ и пошироко. Европскиот корпус за солидарност 2021-2027 (вреден повеќе од една милијарда евра) ќе биде значајна надградба на вредноста што ја обезбедува за волонтерите во споредба со претходните повторувања на програмата.

Во дебатата за обезбедување глобален пристап до вакцини, не беше постигнат консензус меѓу европратениците за привремено откажување од правата на патент за вакцините против КОВИД-19. Потпретседателот на Европската комисија, Валдис Домбровскис, комесар за трговија, истакна дека предложените решенија на Комисијата вклучуваат лимитирање на извозните ограничувања, разгледување на задолжително лиценцирање, инвестирање во производствен капацитет во земјите во развој и зголемување на придонесите во шемата COVAX.

Европратениците ја усвоија „Креативна Европа“, програмата на ЕУ за култура и аудиовизуелниот сектор. Заедно со значителното зголемување на финансирањето, европратениците обезбедија поголем фокус на вклучување, поддршка на современи и музички сектори во живо кои се меѓу најсилно погодените од пандемијата и повисоки стапки на кофинансирање за мали проекти.

Европратениците предупредија дека последниве години, Владата на Турција се повеќе се дистанцира од вредностите и стандардите на ЕУ. Како резултат, односите се доведени до историска ниска точка, предупредуваат европратениците. Особено има загриженост за владеењето на правото и почитувањето на основните права.

Во усвоениот извештај европратениците инсистираат доколку Турција не го промени актуелниот негативен тренд, Комисијата ќе треба да препорача пристапните преговори да бидат официјално прекинати.

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ



www.europarl.europa.eu

Европскиот парламент со 358 гласа усвои извештај во кој се даваат препораки за заштита на човековите права во рамките на надворешната политика на ЕУ за азил и миграција. Од 2016 година ЕУ и некои земји-членки склучиле неформални билатерални договори и договори со трети земји за зајакнување на нивната гранична контрола и капацитети за управување, борба против трговија со луѓе и враќање и реадмисија на нерегуларни мигранти. Европратениците ја повикаа Европската комисија да преговара и да потпишува формални договори за реадмисија со трети земји. Тие забележуваат на отсуство на соодветни механизми за оперативно известување, следење, евалуација и отчетност за следење на одделни случаи и одговор на потенцијалните повреди, како и недостаток на ефективни судски лекови за лица чии права се наводно повредени.

Европратениците сакаат да ги зајакнат постојните правила на ЕУ за еколошка одговорност на компаниите со цел да се намалат и спречат штетите врз животната средина. За да се зајакне спроведувањето и да се зголеми довербата на граѓаните во правилата на ЕУ и да се спречи и поефикасно да се отстрани еколошката штета, Европарламентот бара да се подобрат Директивата за одговорност кон животната средина (ELD) и Директивата за криминал во животната средина (ECD). Извештајот за одговорноста на компаниите за штета на животната средина беше усвоен со 536 гласа.

Во извештајот усвоен со 495 гласа, европратениците нагласуваат дека Новиот пакт за миграција и азил не вклучува конкретни предлози во оваа област. „ЕУ и националната политика за легална миграција треба да се фокусираат на одговор на пазарот на трудот и недостиг на вештини“, тврдат европратениците. Признавајќи го ризикот од „одлив на мозоци“, европратениците предлагаат промовирање на циркуларна миграција, да им се дозволи на странските работници да поминуваат подолги периоди далеку од нивната земја домаќин, за да можат полесно да патуваат во своите матични земји.

Европскиот парламент бара демократска контрола над националните напори за закрепнување. Европратениците очекуваат од Комисијата да ги добијат потребните основни информации, како и резиме на реформите и инвестициите од националните планови. Во резолуцијата усвоена 602 гласа европратениците изјавија дека, во согласност со содржината на регулативата за RRF, Европскиот парламент има право да добие релевантни информации за состојбата во спроведувањето на национални планови за закрепнување и издржливост (RRP).

Во резолуцијата усвоена со 599 гласа Европскиот парламент најостро ги осудува неоснованите и произволни санкции што неодамна ги воведоа кинеските власти врз повеќе европски физички лица и ентитети, вклучително и пет европратеници.

Европската комисија треба да ја измени својата нацрт-одлука за заштита на податоците со Велика Британија со цел да обезбеди почитување на ЕУ стандардите за приватност на граѓаните, се истакнува во усвоената резолуција со 344 гласа.

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



www.sobranie.mk



Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Талат Џафери, на 05 мај 2021 година оствари средба со европратеникот Андреас Шидер, копретседавач на Мешовитиот парламентарен комитет – РСМ и ЕУ и дел од тројцата европратеници задолжени за Дијалогот Жан Моне. На средбата Џафери ја поздрави последната Резолуција на Европскиот парламент за напредокот на земјата, истакнувајќи дека Собранието ќе продолжи да го одржува постигнатото и да се стреми да ги надмине прашањата за кои се потребни дополнителни реформи. Европратеникот Шидер посочи дека застојот во евроинтеграцискиот процес поради проблемот со Република Бугарија е во спротивност со европскиот дух. Двајцата соговорници се согласија дека циркулирањето на нон-пејпери во европските кругови треба да наиде на остра осуда во јавноста и дека Европската унија мора веднаш да понуди конкретни патокази за земјите од Западен Балкан и нивната европска интеграција.

Одделна средба со евроамбасадорот Шидер оствари и копретседателот на Мешовитиот парламентарен комитет ЕУ - РСМ, Биљал Касами. На средбата присуствуваше и пратеникот Кастриот Реџепи. На средбата двајцата соговорници се осврнаа на „Жан Моне“ како значајна алатка за дијалог во Собранието и предизвиците кои ги донесе пандемијата. Соговорниците се сложија на продолжување на соработката и интензивирање на средбите по завршување на пандемијата.

Претседателот Џафери на 10 мај 2021 г. учествуваше на виртуелна Конференција на претседатели на парламенти на земјите членки на ЕУ, во организација на Бундестагот на Сојузна Република Германија. На конференцијата учествуваа 33 претседатели од националните парламенти на земјите членки на ЕУ, 3 претседатели од земјите кандидати за членство, од Европскиот парламент и 3 претседатели од европски земји кои не се членки на ЕУ како набљудувачи. Во рамки на дебатата, претседателите на парламенти дискутираа за придобивките и предизвиците од дигитализацијата и користењето на вештачката интелигенција и потребата од соодветна регулација на новите модели за комуникација на национални и на европско ниво. Во својот говор Џафери се осврна на актуелните активности во Собранието и дигитализацијата како предизвик на денешницата. Ги истакна нејзините придобивки, но и недостатоци од нејзиното практикување и ширењето на лажни информации и говор на омраза преку интернет. Спречувањето на овие негативни појави е обврска на надлежните национални органи, во тесна соработка со меѓународните органи, истакна Џафери.





Претседателот Џафери на 10 мај 2021 година имаше работен ручек со претседателката на Грузија, Саломе Зурабишвили. Посетата на претседателката на Грузија претставува почеток на висока соработка и можност за унапредување и интензивирање на билатералната комуникација. Џафери го поздрави формирањето на тричлена парламентарна група за соработка со нашето Собрание во грузискиот парламент. Претседателот Џафери истакна дека по овој пример ќе се формира група за соработка со грузискиот парламент и во нашето собрание.

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА

Претседателот Џафери на 11 мај 2021г. оствари средба со министерот за одбрана на Чешката Република, Лубомир Метнар. На средбата, Џафери изрази благодарност за континуираната поддршка што нашата земја ја добива од Чешката Република за нашите евроатлански и европски интеграции. Тој изрази благодарност што Вишеградската група е меѓу најгласните поддржувачи на аспирациите на земјите од Западниот Балкан за добивање на членство во ЕУ. Двајцата соговорници изразија надеж за интензивирање на соработката меѓу двете држави во иднина во многу други области како што се науката, образованието, одбраната, здравството икултурата.



---



На 12 мај 2021 година, се одржа онлајн средба помеѓу раководството на Собранието, предводено од Претседателот Талат Џафери и водечките членови на Европскиот парламент, Илхан Ќучук (ОБНОВА, БГ), Андреас Шидер (С&Д, АВТ) и Марион Валсман (ЕНП, ДЕ). За време на средбата, раководството на Собранието претставувано од  претседателот Талат Џафери, потпретседателите Горан Мисовски и Фадил Зендели, како и координаторите на пратеничките групи на СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ, ДУИ, БЕСА и Алијанса на Албанците и Алтернатива. се вклучија во конструктивна размена на мислења за процесот на реформи. Претседателот на собраниската Комисија за деловнички и мандатно-имунитетни прашања, г. Панчо Минов, како и генералната секретарка на Собранието, г-ѓа Цветанка Иванова исто така дадоа свој придонес во оваа позитивна размена.

---

На 19 мај 2021 г. во рамките на Конференцијата на тема „Иднината на Европа и иднината на проширувањето“, учествуваа заменик-претседателката на Комисијата за европски прашања, Арта Зендели-Билали и претседателот на Националниот совет за евроинтеграции, Александар Николовски.
Во обраќањето на конференцијата заменик претседателката на Комисијата за европски прашања, Арта Зендели-Билали истакна дека Европскиот совет би требало, во јуни, конечно да ја материјализира одлуката за почеток на преговорите, од март минатата година, преку усвојување на Преговарачката рамка и одржувањето на Првата меѓувладина конференција. Претседателот на Националниот совет за евроинтеграции, Александар Николовски, истакна дека за влез во ЕУ, потребни се сериозни напори за реализирање на ЕУ реформите и дека посебно се важни реформите во судството, како и во борбата против корупцијата, која не само што ни е потребна за влез во ЕУ, туку  и за  нас самите.



---



Пратениците Диме Велковски, Ели Панова и Арбер Адеми на 25 мај 2021г. учествуваа на 207. Сесија на Управниот совет на Интерпарламентарната унија (ИПУ), што се одржа виртуелно на 24 и 25 мај 2021 година. На сесијата пред членовите на Управниот совет беа презентирани извештаите од активностите на претседателот, генералниот секретар и работните тела на ИПУ, финансиските резултати на Унијата за 2020 година и актуелната состојбата во одредени земји членки. ИПУ, основана во 1889 година е светска организација на парламентите, во која членуваат 179 национални парламенти и 13 меѓународни парламентарни собранија.

## СЕДМИ ПАКЕТ СОЦИЈАЛНИ ОБВРЗНИЦИ




Европската комисија го издаде седмиот социјален пакет од програмата SHURE на 18 мај 2021 година. Издадените обврзници со социјална клаузула им овозможуваат сигурност на инвеститорите дека мобилизираните средства ќе служат за вистинска социјална цел. Европската комисија исплати 14,1 милијарди евра на 12 земји-членки за поддршка на трошоците од зголемување на јавните расходи, со цел да се зачуваат работните места за време на пандемијата на КОВИД-19. Ова е седма транша на помош за која средствата се обезбедуваат со продажба на заеднички обврзници на ЕУ на меѓународниот финансиски пазар. Со оваа исплата – Белгија доби две милијарди евра, Бугарија 511 милиони евра, Кипар 124 милиони евра, Грција 2,54 милијарди евра, Шпанија 3,37 милијарди евра, Италија 751 милиони евра, Литванија 355 милиони евра, Летонија 113 милиони евра, Малта 177 милиони евра, Полска 1,56 милијарди евра, Португалија 2,41 милијарди евра и Естонија 230 милиони евра. Сите земји-членки на ЕУ кои побарале да го користат тој механизам за помош добиле дел или целата барана сума. Вкупно 19 земји-членки на ЕУ треба да добијат 94,3 милијарди евра финансиска поддршка, а земјите-членки се уште можат да аплицираат за финансиска поддршка според програма која е со вредност до 100 милијарди евра.

https://ec.europa.eu/commission

## ДЕНОТ НА ЕВРОПА ВО ЗНАК НА ИДНИНАТА



Европската унија го одбележа Денот на Европа – 9 мај, што го слави мирот и единството на европскиот континент. Како и минатата година, рестриктивните мерки го сменија традиционалниот начин на одбележување на Денот на Европа во седиштето на ЕУ во Брисел.

Отворената врата на институциите на ЕУ, кога граѓаните можеа да ги посетат сите места на политичко одлучување, оваа година беа заманети со виртуелните тури во Европската комисија, Европскиот парламент и Советот на ЕУ.

За време на „Европската недела“ беа организирани работилници преку интернет, разговори со претставници на ЕУ, интерактивни квизови и други активности за граѓаните со цел да се запознаат со политиките и системот на донесување одлуки во рамките на ЕУ. Специфичноста на овогодишното одбележување на Денот на Европа е организирање на првиот настан во рамките на Конференцијата за иднината на Европа.

Инаугуративната конференција, што го означи почетокот на широка дебата за среднорочната и долгорочната иднина на ЕУ и реформите што треба да се преземат во политиките и институциите, се одржа на 9 мај во ЕП, на која учествуваа водечки претставници на ЕУ. Намерата на Конференцијата беше да ги вклучи граѓаните на ЕУ, особено младите, како и претставниците на институциите на ЕУ во дебатата во следните две години за насоката во која ќе се развива и движи ЕУ.

Европската унија почна да го слави Денот на Европа во 1985 година, во знак на сеќавање на Декларацијата на Шуман од 1950 година, со која се предлага спојување на француската и западногерманската индустрија за јаглен и челик, што доведе до создавање на Европската заедница за јаглен и челик, прва Европска заедница, основана на 18 април 1951 година. Одбележувањето на 9 мај како Ден на Европа се слави низ ЕУ од 2008 година, а од 2019 година, 9 мај стана официјален државен празник во Луксембург.

https://eeas.europa.eu

## СОСТАНОК НА ЕВРОПСКИОТ СОВЕТ



Европскиот совет одржа специјален состанок на 24 и 25 мај 2021г. во Брисел, каде лидерите на ЕУ дебатираа за надворешната и безбедносна политика и економската политика на ЕУ. На агендата на самитот беа односите меѓу ЕУ и Велика Британија, ситуацијата во Белорусија, Русија и Блискиот исток, состојбата со пандемијата на Ковид-19 и климатските промени.
Европскиот совет го осуди присилното слетување на авионот на компанијата Ерлајнер во Минск и притворањето на новинарот Роман Протасевич и Софија Сапега од страна на белоруските власти. Беа усвоени заклучоци кои содржат мерки за вршење притисок врз режимот на земјата. Лидерите одржаа дебата за Русија и ја потврдија посветеноста на пет принципи со кои се регулира политиката на ЕУ во однос на Русија. Националните лидери го поздравија влегувањето во сила на Договорот за трговија и соработка меѓу ЕУ и Велика Британија. Тие ја потврдија својата посветеност на интегритетот на единствениот пазар на ЕУ, Царинската унија и автономијата на ЕУ за донесување одлуки и ја повикаа Европската комисија да обезбеди целосна имплементација на договорите. Примирјето со цел да се стави крај на насилството меѓу Израел и Палестина беше поздравено за време на состанокот. Лидерите на ЕУ ја истакнаа важноста од засилување на производството на вакцинација и безбедносно соодветно снабдување низ цела ЕУ. Лидерите го поздравија постигнатиот договор за предложениот ЕУ дигитален Ковид сертификат и ја потврдија потребата за сеопфатен глобален одговор на Ковид-19. Во врска со климатските промени, националните лидери ги потврдија заклучоците од декември 2020 година и ја поканија Европската комисија да подготви соодветни законски иницијативи. Тие го поздравија договорот за предложениот европски закон за клима и обновената обврска на Соединетите Американски Држави на Парискиот договор.

https://www.consilium.europa.eu

## ИНВЕСТИЦИИ ВО СТАРТАП КОМПАНИИ ВО ЕВРОПА

Инвестициите во ризичен капитал во европските технолошки старт-ап во 2020 година се искачија на рекордно ниво од 45,3 милијарди евра и најверојатно оваа година ќе бидат рекордни, објави „Питчбук“ (Pitchbook), компанија за финансиски податоци и софтвер.
Само за првите три месеци од годинава во старт-ап компаниите во Европа се инвестирани 17,6 милијарди евра.
Инвестициите во старт-ап компании се најголеми во САД. Според податоци на Националната асоцијација на ризичен капитал во 2020 година во САД се инвестирани рекордни 156 милијарди долари во американски старт ап компании.
Во Европа во 2020 година биле вложени над 45,3 милијарди евра за 7.825 зделки.
Стартапите во Европа и особено во технолошкито сектор се високо оценети и тоа води кон големи инвестиции, според Налин Пател финансиски аналитичар во „Питчбук“.




Во текот на 2020 година, стартап технолошките компании во Европа добиле инвестиции од 20,2 милијарди евра. Само во првиот квартал од 2021 година, компаниите прибраа 21 милијарди евра.

https://pitchbook.com/

## 10 ГОДИНИ ОД ИСТАНБУЛСКАТА КОНВЕНЦИЈА




Комитетот на земјите кои се дел од Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство (Истанбулска конвенција), ја потврди суштинската улога на конвенцијата и ја повтори својата решеност да ги зајакне и забрза напорите во следната деценија за ставање крај на насилството врз жените и семејното насилство.
Искажувајќи ја својата длабока загриженост за препреките што треба да се надминат со цел да се стави крај на сите форми на насилство опфатени со овој договор и да се осуди секоја иницијатива преземена за отстапување од пропишаните стандарди, Комитетот го поздрави „извонредното влијание" на Конвенцијата во текот на изминатата деценија не само за спречување насилство, туку и за заштита на жртвите и гонење на сторителите врз основа на интегрирани политики. Комитетот ги пофали невладините организации за одбрана на правата на жените за помошта во остварувањето на овој напредок. Меѓу 10-те „принципи" изнесени во декларацијата, Комитетот ги повикува државите членки „да ги интензивираат своите напори за промовирање и целосно спроведување на договорот".
Пред десет години, Истанбулската конвенција – најнапредниот меѓународен договор за спречување и борба против насилството врз жените – беше едногласно усвоен од 47-те земји-членки на Советот на Европа. Додека Турција го најави своето повлекување (од јули годинава), 33 земји-членки го ратификуваа, а 12 други го потпишаа, заедно со Европската унија.

https://www.coe.int/en

## ГЛОБАЛЕН САМИТ ЗА ЗДРАВСТВО




Светскиот самит за здравство кој се одржа на 21 мај годинава заврши со ветување од фармацевтските компании за испорака на повеќе од 1,3 милијарди дози вакцини против Ковид-19, оваа година во земјите со низок и среден приход.
Италијанскиот премиер Марио Драги, домаќин на Самитот во Рим, на кој учествуваа претставници на Г-20 и на Европска Унија, истакна дека придонесот на приватните компании е „значаен и зачудувачки импресивен".
Американската фармацевтска компанија Фајзер и германската Бионтек ветија една милијарда дози вакцини, додека Џонсон и Џонсон – 200 милиони дози и Модерна 100 милиони дози вакцини против Ковид-19 за државите со низок и среден приход. Вакцините за сиромашните земји ќе бидат по набавна цена, додека за државите со среден приход би биле половина од цената. Фајзер и Бионтек ветија уште една милијарда дополнителни вакцини следната година, додека земјите-членки на ЕУ најавија нови 100 милиони дози во текот на годината.
Претседателката на Европската комисија, Урсула фон дер Лајен истакна дека голем број од европски испораки ќе бидат преку Програмата на ОН - КОВАКС. И покрај неодамнешниот апел на САД производителите да се откажат од правото на патент за вакцините против Ковид-19, со цел да се зголеми нивната достапност, не е постигнат договор со земјите-членки на ЕУ.

https://www.who.int/news-room

## НОВА ПРОГРАМА ЕРАЗМУС+ 2021-2027

Европскиот парламент ја одобри новата програма на Еразмус+ која од 2021 до 2027 година треба да вклучи поширок круг учесници и на располагање ќе има 28 милијарди евра, двојно повеќе од претходно. Програмата Еразмус+ е за поддршка на образованието, оспособување на младите и спортот во Европа која започна во 1987 година, а од 2014 година можност за учество имаат и учителите, приправниците и волонтерите.
Во последните 30 години во програмата Еразмус+ учествувале повеќе од 9 милиони луѓе, а се очекува во новата фаза да се вклучат и до 12 милиони. Програмата во моментот покрива 33 земји, 27 земји членки на ЕУ, Македонија, Турција, Србија, Норвешка, Исланд и Лихтенштајн, а отворена е и за партнерски земји низ целиот свет.
Во согласност со приоритетите на ЕУ, програмата Еразмус+ е насочена на дигитална и зелена транзиција и ќе промовира здрав начин на живот и цело животно учење за возрасни.




Во повеќегодишната финансиска рамка на ЕУ за Еразмус+ наменети се повеќе од 28 милијарди евра од различни извори, додека во претходниот седумгодишен период за оваа програма беа издвоени 14,7 милијарди евра.

https://www.eusa.eu

## РИЗИК ОД ФИНАНСИСКА НЕСТАБИЛНОСТ ВО ЕВРОЗОНАТА



Ризикот од финансиска нестабилност ќе се зголеми во еврозоната по крајот на кризата предизвикана од пандемијата со Ковид-19, предупреди Европската централна банка (ЕЦБ).
И покрај економското закрепнување, бројот на корпоративни банкроти се очекува да се искачи од многу ниско ниво во 2020 година, делумно поради нерешените побарувања за банкрот, се нагласува во најновата анализа на ЕЦБ за финансиската стабилност на еврозоната.
Во анализата се истакнува дека „владите се соочуваат со задача да најдат одредена рамнотежа помеѓу предвременото прилагодување на мерките за поддршка, што може да предизвика бран на банкроти на компании и предолго спроведување на мерките за поддршка, со што ќе се одржуват неодржливи компании“. Поголем товар на долгови за компаниите во земји со поголем услужен сектор може да го зголеми притисокот врз нивните влади и банки, изјави потпретседателот на ЕЦБ, Луис де Гвиндос. ЕЦБ предвидува дека профитабилноста на финансиските институции во еврозоната ќе остане релативно слаба. Централната монетарна институција на еврозоната, исто така, посочи дека треба да биде свесна за растечкиот предизвик што го поставуваат климатските промени за банките, како во кредитирањето, така и во осигурувањето кредити.

https://www.ecb.europa.eu

## ИНФЛАЦИЈАТА ВО ЕУ НА НАЈВИСОКО НИВО



Годишната инфлација во ЕУ во април го достигна највисокото ниво во речиси две и пол години, покажа извештајот на Евростат. На ниво на ЕУ, годишната инфлација, мерена според усогласениот индекс на потрошувачки цени, беше повисока за 0,3% во април отколку во март и изнесуваше 2,0%, што е највисоко ниво од ноември 2018 година. Во април минатата година изнесуваше 0,7%. Исто така, во еврозоната е зголемена за 0,3% во споредба со март, на 1,6%, што е највисоко ниво од април 2019 година. Во април минатата година изнесуваше 0,3%. Најголем „придонес" кон годишната стапка на инфлација во областа на примена на единствената европска валута даде енергетскиот сектор, од скоро еден процентен поен. Во април, цените на енергијата скокнаа за 10,4% во споредба со истиот месец минатата година, утврди Евростат. Убедливо највисоките стапки на инфлација има во Унгарија и Полска во април, со 5,2, односно 5,1%. Следува Луксембург со годишен раст на потрошувачките цени од 3,3%.

https://ec.europa.eu/eurostat

## РАСТ НА ТРГОВИЈАТА СО ЕЛЕКТРО И ХИБРИДНИ ВОЗИЛА

Бензинските автомобили го сочинуваат најголемиот дел од извезените автомобили (64% од извозот на автомобили надвор од ЕУ), проследено со дизел автомобили (22%) и електрични и хибридни електрични автомобили (14%). Бензинските автомобили учествуваат со повеќе од половина од увозот на автомобили што не се членки на ЕУ (53%), а потоа следат електрични и хибридни електрични автомобили (30%) и дизел автомобили (18%). Извозот и увозот на електрични и хибридни електрични автомобили во ЕУ продолжи да се зголемува постепено. Во споредба со 2017 година, извозот на електрични и хибридни електрични автомобили надвор од ЕУ се зголеми за скоро пет пати од 150 илјади извезени автомобили во 2017 година на 725 илјади во 2020 година, додека увозот од надвор од ЕУ скоро тројно се зголеми од 301 илјади увезени автомобили во 2017 година на 892 илјади во 2020 година. Во 2020 година, главните извозни дестинации за електрични и хибридни електрични автомобили во ЕУ се Велика Британија (39% од извезените автомобили), САД (16%), Норвешка – 10% и Кина (9%). Половина од увозот на електрични и хибридни електрични автомобили дојде во ЕУ од Јапонија и САД (23% од увезените автомобили), Јужна Кореја (15%), Велика Британија (14%), Турција (10%) и Кина (9%).

https://ec.europa.eu/eurostat



## ЦЕНАТА НА ТРУДОТ ВО ЕВРОПА

Германија е меѓу водечките земји во Европа според трошоците за работна сила – секој час работа го чини германскиот работодавач во просек 36,70 евра. Највисока цена на работната сила има во Данска – 46,90 евра за одработен час, а најниска во Бугарија – 6,40 евра, според Федералниот завод за статистика „Дестатис”. На дното на рангирањето се неколку постсоцијалистички земји, во кои трошоците за работна сила се околу десет евра за час- Хрватска, Унгарија, Полска и Литванија, а претпоследна е Романија со просечна цена на трудот од 7,70 евра. Во просек за ЕУ, трошоците за работна сила (плата плус осигурување) изнесуваат 28 евра за еден час работа. Сумата е формирана од бруто плата и дополнителни одземања, како што е социјалното осигурување.

https://ec.europa.eu/eurostat




### Донесени закони во мај 2021 година

Закон за изменување и дополнување на Царинскиот закон,
Закон за изменување на Закон за енергетска ефикасност.

*ЕУ КАЛЕНДАР / јуни 2021*

1. *Зелена недела ЕУ 2021, 31/05-04/06/2021, Брисел, Белгија;*
2. *Самит за е-здравство, 01-02/06/2021, Лисабон, Португалија;*
3. *20 годишнина од првата Стратегија за одржлив развој на ЕУ, 01/06/2021, виртуелно;*
4. *Пленарна сесија на Европскиот парламент, 07-10 и 23-24/06/2021, Стразбург;*
5. *Состанок на Европскиот совет, 24-25/06/2021, Брисел.*




**Корисни линкови за електронски публикации на ЕУ:**
https://publications.europa.eu/en/home
https://europa.eu/european-union/documents-publications
http://www.europarl.europa.eu/visiting/en/brussels/parlamentarium

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО**

Адреса: 11 Октомври бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локал 414
Факс: +389 2 3 182 277
E-mail: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk

*Во Собранието беше спроведен ИПА Проект за „Техничка помош за Парламентот", во периодот од јануари 2011 до јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*
*Во рамките на ИПА проектот, беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување на ЕУ центар во Собранието.*
*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата да им се обезбеди подобар пристап до информации поврзани со ЕУ прашања.*
*ЕУ центарот организациски е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции.*
*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




